**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5236 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**
6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во петтиот десетдневен период, од 12 до 21 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг

согласно Методологијата. Телевизијата емитува кратки и фактографски вести од 3-4 минути поврзани со најактуелните случувања во земјава.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

На 12 октомври 2016 година, со почеток во 4 часот и 39 минути, беше емитувана **„Репортажа за Битола“.** Се зборуваше за градот Битола, за неговите културно-историски споменици, како и за неговиот развој низ времето. Во репортажата се појавува и градоначалникот на Битола, Владимир Талески, кој говори за градот, за браќата Манаки, за конзулите итн.

На 12 октомври 2016 година, со почеток во 15 часот и 31 минута, се емитуваше емисијата **„Кажи и направи нешто добро за Македонија“** со водителката Марија Бразда. Емисијата беше посветена на новоотворениот дом за згрижување стари лица - „Сончев дом Тодоровски“, во скопската општина Сопиште. На отворањето присуствувале дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов и градоначалникот на Општина Сопиште, Стефче Трпковски. Две репризи на емисијата се емитувани истиот ден, а други две репризи на 13 октомври 2016 година.

На 17 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 40 минути, се емитуваше емисијата **„Кажи и направи нешто добро за Македонија“** со водителката Марија Бразда, на тема: Премиерата на 20 октомври 2016 година, на претставата „Силјан штркот шанца“, во МНТ, во режија на Срѓан Јаниќијевиќ. За претставата говореа: актерите Тони Михајловски, Нина Деан и Александар Михајловски; Срѓан Јанакиевиќ, режисер; Илина Ангеловска, сценограф и костимограф и Александра Кочовска-Начева, кореограф. Реприза на емисијата имаше истиот ден, и на 18 и 19 октомври 2016 година.

*Интервјуа*

На 16 октомври 2016 година, се емитуваше премиерно издание на емисијата „Интервју“ со водителката Марија Бразда. Гостин беше: Кочо Чакаларовски – претседател на Лекарската комора на Македонија, од Клиниката за нефрологија. Темата беше: Здравствениот сектор – предизвиците, проблемите на лекарите и очекувањата. Се разговараше и за Комората, програмата за работа, активностите. Емисијата се репризираше истиот ден и двапати на 17 октомври 2016 година.

***Сектор за програмски работи***